# Службен весник
## на Република Македонија

**Број 215** **23 ноември 2018, петок** **година LXXIV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3854. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.......... | 2 |
| 3855. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Зубовце, Општина Врапчиште.............. | 2 |
| 3856. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на регионален пат Р2-138 врска со регионален пат Р2-134 со населба Сончев Град.......................... | 2 |
| 3857. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Витач 1 и електричен вод за приклучок КО Бошава, Општина Кавадарци ....................... | 2 |
| 3858. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на река Жаба со реф.бр. 254 и приклучок до дистрибутивна мрежа КО Долно Дивјаци, Општина Крушево...................... | 3 |
| 3859. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Никуштак, Општина Липково ................. | 3 |
| 3860. | **Одлука** за изменување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија....................... | 3 |
| 3861. | **Одлука** за изведување на вежбовна активност „СЕЕСИМ-2018“ во Република Македонија........................... | 4 |
| | **Огласен дел**........................................ | **1-60** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3854.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.11.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар која се наоѓа на КП.бр.1300/3 за КО Гостивар-1, на ул.„Борис Кидрич“ бр.228, зграда 3, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 2, намена на зграда и друг објект А1-3, намена на посебен дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 15 м2,

во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2910/1
20 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3855.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.11.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА КО ЗУБОВЦЕ, ОПШТИНА ВРАПЧИШТЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Зубовце, општина Врапчиште.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 241/1 | Зубовце | Патишта | ливада | 2 |
| 245 | Зубовце | Патишта | пасиште | 3 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскнот опфат: | | | | 25145м² |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9873/1
20 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3856.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.11.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р2 - 138 ВРСКА СО РЕГИОНАЛЕН ПАТ Р2-134 СО НАСЕЛБА СОНЧЕВ ГРАД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на регионален пат Р2-138, врска со регионален пат Р2-134 со населба Сончев Град.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 2541м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 182 -Дел | Горно Водно | Сувоец | пасиште | 7 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскнот опфат: | | | | 103996.40м² |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9915/1
20 ноември 2018 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3857.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15 , 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.11.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЦЕНТРАЛА ВИТАЧ 1 И ЕЛЕКТРИЧЕН ВОД ЗА ПРИКЛУЧОК КО БОШАВА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Витач 1 и електричен вод за приклучок КО Бошава, Општина Кавадарци.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 14301м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 18/1-дел | Бошава | Препози | нива | 6 |
| 18/2-дел | Бошава | Препози | нива | 6 |
| Вкупна површина на земјиштето во плански опфат: | | | | 16467м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-9921/1 Претседател на Владата
20 ноември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

___________

**3858.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА МХЕЦ НА РЕКА ЖАБА СО РЕФ.БР. 254 И ПРИКЛУЧОК ДО ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА КО ДОЛНО ДИВЈАЦИ, ОПШТИНА КРУШЕВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на река Жаба со реф.бр. 254 и приклучок до дистрибутивна мрежа КО Долно Дивјаци, Општина Крушево.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 4068 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 500-дел | Долно Дивјаци | Задлеnje | Пасишта | 5 |
| 508-дел | Долно Дивјаци | Градиште | Пасишта | 5 |
| 952 | Долно Дивјаци | Кленики | Нива | 5 |
| 953 | Долно Дивјаци | Кленики | Нива | 5 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 17845.19м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 44- 9923/1 Претседател на Владата
20 ноември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

___________

**3859.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА КО НИКУШТАК, ОПШТИНА ЛИПКОВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Никуштак, Општина Липково.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 583/1-дел | Никуштак | Саримеша | Лозје | 4 |
| 583/2 | Никуштак | Саримеша | Лозје | 4 |
| **Вкупна површина на земјиштето во плански опфат** | | | | **22679**м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10270/1 Претседател на Владата
20 ноември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

___________

**3860.**

Врз основа на член 4 ставовите 2 и 3 од Законот за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/07 и 104/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ДРЖАВНИТЕ ПРАВОБРАНИТЕЛИ ВО ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2008), во член 2 ставот 4, се менува и гласи:

„ За подрачјето Скопје се определуваат 12 државни правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-10331/1 Претседател на Владата
20 ноември 2018 година на Република Македонија,
Скопје **Зоран Заев,** с.р.

**3861.**

Врз основа на член 19 точка 9) од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11 и 151/11 и 215/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.11.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ „СЕЕСИМ-2018" ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Вежбовната активност „СЕЕСИМ-2018", симулациска мрежа за Југоисточна Европа (во натамошниот текст: вежбовната активност) ќе се одржи во Република Македонија во Центарот за управување со кризи, во периодот од 26.11. - 29.11.2018 година, со цел промовирање на соработката, координацијата и интероперативноста од областа на управувањето со кризи меѓу земјите на Југоисточна Европа и проектите на Иницијативата од состанокот на министрите за одбрана на земјите од Југоисточна Европа преку ефективна употреба на компјутерско моделирање и симулирање.

2. На вежбовната активност ќе учествуваат претставници од Министерството за одбрана, Армијата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за правда, Министерство за локална самоуправа, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Агенцијата за разузнавање, Дирекцијата за радијациона сигурност, Министерството за финансии – Царинската управа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управата за хидро метеоролошки работи, Градот Скопје, Црвениот крст на Република Македонија и АД Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје.

3. Финансиските трошоци за подготовките, организацијата и реализацијата на вежбовната активност се на товар на Министерството за одбрана, а просториите и материјално-техничките средства ги обезбедува Центарот за управување со кризи.

4. Подготовките и организацијата на вежбовната активност ги врши Министерството за одбрана.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-10370/1 | Претседател на Владата |
| 20 ноември 2018 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2018215